**НАПОМЕНА:** Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби и истите да ги заверат кај нотар.

4. Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:
   - Лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители, најмногу до 26 годишна возраст доколку се невработени;
   - Лица со инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата;
   - Родител на дете до 6 годишна возраст, доколку е невработен;
   - Воени инвалиди;
   - Лица растени во домови за напуштени деца, доколку се невработени и други лица утврдени си Уредба на Владата, со поднесување на соодветна документација согласно Конкурсот.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата на бројот на редовни студенти, најмногу до 10% согласно бројот утврден во Конкурсот.

5. Припадниците на безбедностите сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на РСМ и членовите на нивните семејства, лицата утврдени со одредбата од член 23 од истиот Закон, како и со Законот за посебните права права на учесниците на мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на РСМ и на членовите на нивните семејства, во учебната 2022/2023 год., ќе се запишуваат надвор од државната квота без поднесување трошоци за студирање, под условите за запишување утврдени согласно Конкурсот, а нивниот број изнесува најмногу до 10% од вкупниот број на студенти на ниво на студиската програма.

   **Дополнително доставување на документи за кандидатите кои се запишуваат во прва година, не се зема во предвид.**

Продекан за настава

проф. д-р Ксенија Илиевска



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk